# З А П И С Н И К

од шестнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

шестнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 10.12.2020 во 18:00 часот, по пат на електронска платформа.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за шеснаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Усвојување на Годишната програма за работа на АЕК за 2021;
4. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од петнаесетиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, Усвојување на Годишната програма за работа на АЕК за 2021, Претседателот на Комисијата зеде збор и откако се разгледаа коментарите пристигнати во законски предвидениот рок од операторите ја стави програмата за работа на Агенцијата на гласање по што едногласно беше усвоена од членовите на Агенцијата.

По ова седницата заврши во 19:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател___________

Гордана Клинчарова, член ____________________

Ервин Реџепагиќ, член_____________________

Дешира Имери, член _________________